ЃОРЃИ ДЕЛЧЕВ

# ЕДНА МОЖНОСТ ЗА ИНОВИРАЊЕ НА НАСТАВАТА ПО ПОЧЕТНО ЧИТАЊЕ

Индустрискиот и културниот развој на нашето општество, присуството на современите средства за комуницирање (радиото, телевизијата, филмот, дневниот и детскиот печат), разновидните форми на образование и самообразование и надвор од училиштето итн. значително ја изменија средината во која живеат денешниве деца. Од друга страна, и подобрените материјални услови за живеење, поволната социјална и културна средина во која се развива детето, образованието на родителите, опфатеноста на децата во предучилишните установи и забавиштата итн. на свој начин, директно или индиректно, придонесуваат детето побрзо физички и ментално да се развива. Притоа, нормално е да се очекува дека во ваквите наменети животни услови кај децата побрзо ќе се формираат и многу поими што порано требаше училиштето да ги формира. Освен тоа, благодарение на овие позитивни импулси, тие порано се мотивираат и за учење. Затоа денес и не е редок случај децата спонтано да научат, делумно или целосно, да читаат и пред да станат редовни ученици.

Со досегашните начини на описменување, меѓутоа, недоволно се почитуваат индивидуалните разлики помеѓу учениците, како во однос на нивната општа подготвеност за следење на наставата, така и по однос на нивните претходни знаења од писменост. Наставникот, прифаќајќи ги децата во прво одделение, обично еднакво се однесуваше кон сите ученици и бараше од нив *тие* да се прилагодат на нормите што произлегуваат од одбраниот метод на описменување. Притоа, најчеста беше практиката наставникот да им наметне на учениците монографска обработка на буквите, а во процесот на читањето да ги воведува со бавно считување (пеење) на гласовите, кое подоцна негативно се одразуваше врз побрзиот развој на техниката на читањето.

Ваквата практика, се разбира, не може да ги задоволи вистинските можности на денешните деца. Покрај тоа таа и го пролонгираше и самиот процес на описменување, наместо да го забрза. Затоа и самите буквари што беа конципирани според ваквиот начин на описменување не соодветствуваат повеќе, како на денешниве изменети услови така и на современите дидактичко-методски сознанија. Потребно

---

Објавено во книгата „Научно-технолошка револуција и образовање у развоју социјалистичког самоуправног друштва“ (Зборник радова), Нови Сад 1980.

е, значи, поинаков и поефикасен начин на описменување, зашто од начинот на воведувањето во писменоста во голема мерка ќе зависи каков однос детето ќе заземе кон училиштето и учењето воопшто.

Во настојувањата процесот на описменувањето да се усовршува, во поново време кај нас, покрај другите мерки, се направени обиди аналитичко-синтетичко-гласовниот метод да се комбинира со други методи и постапки. Во таа насока мнозина напредни наставници, возразувајќи против едноличноста ишематизираноста во описменувањето на децата со аналитичко-синтетичко-гласовниот метод и монографската обработка на буквите, предложија и подруги начини на описменува: со групна обработка на буквите, описменување по комплексната постапка, со глобалниот метод, како и со разновидни други комбинирани методи. Резутат на овие согледувања се и најновите буквари што моментно се во употреба во СФР Југославија.

Обиди наставата по почетно читање и пишување да се иновира се направени и во СР Македонија. Притоа е настојувано аналитичко-синтетичко-гласовниот метод да се усоврши и во него да се вградат и елементи од други методи и постапки, со цел процесот на описменувањето, колку што е можно повеќе, да се приближи до детската психа, настојувајќи наедно тој да се олесни и да се забрза. Од комплексности на оваа проблематика, меѓутоа, посебно го издвојувате прашањето за подготовката на учениците во изучувањето на печатните букви и читањето, зашто од правилното разрешување на овој проблем ќе зависи како тие ќе напредуваат во усвојувањето на почетната писменост и дали побрзо ќе се здобијат со потребната техника на читање.

### *Читање на цели зборови и реченици (глобално читање) како начин за подготовка на учениците во изучувањето на печатните букви и читањето*

За да им се овозможи на учениците поприродно да навлезат во суштината на процесот на читањето и појасно да го уочат односот помеѓу усниот и писмениот говор, а со тоа и полесно да го разберат она што го читаат, новиот македонски буквар ги воведува учениците во изучувањето на почетното читање преку набљудување на предмети, слики или цртежи,под кои се напишани нивните имиња, односно преку читање на цели зборови, а потоа и реченици. Ваквото воведување во читањето се заснова врз неколку поважни дидактичко-методски причини:

Познато е дека детето не е пасивен набљудувач на средината во која живее, туку тоа активно ја доживува и сака да ја запознае. Но, во почетокот тоа ја доживува и ја запознава средината во нејзината целина (глобално). Подоцна, на одреден степен од развојот на неговите сознајни можости, детето ќе почне да открива постоење на одделни конкретни предмети, како и да сознава дека секој предмет има свое име кое може да се изговори, а потоа да се запише и прочита. Со други зборови, дететот учи да зборува без никаква анализа и синтеза туку со цели зборови и реченици, односно говорни целини.

Ваквиот тек на детското сознание, несомнено наведува кон заклучок дека на детето му е поблиска целината отколку деловите „Де-

тето (како и возрасните), го гледа целиот збор одеднаш како што одеднаш (глобално) го гледа предметот или неговата слика„. (1). Впрочем, од тие причини, а и од настојувањата наставната дејност да се прилагоди кон природата на детето се изврши одредена глобализација на наставното градиво и по други наставни предмети: пред сè по запознавање на природата и општеството и математика. (Одделните наставни предмети: природознание, историја и географија се соединија во една наставна дисциплина; во математика, пак, наместо да се тргне од апстрактниот поим за број, се тргна од множеството итн.

Тргнувајќи од горниве констатации може да се заклучи дека во почетниот стадиум од развојот на детето глобалниот мето е подготвен за неговите психички особености и дека е нормално во описменувањена децата да се почне со читање на цели зборови и реченици отколку да се читаат нивните елементи (буквите), кои сами за себе немаат никаква смисла. Зборот е и поконкретен од буквата, а со нивното читање, како и со читањето на реченици, само по себе ќе се изградува и јасен поим за буквата како нужна компонента на пишаниот збор.

о Испитувањата потврдуваат дека воведувањето во почетното читање со помош на глобалниот метод, посебно кога тоа е потпомогнато со слики, цртежи и други дидактички импулси, е лесно и за деца помали од седум години. Помеѓу другото, тоа е и една од причините што многу деца спонтано, без планско и систематско обучување од страна на возрасните, научуваат да читаат и пред да тргнат в училиштете. Се разбира, меѓутоа, дека ова учење на писменост не е резултат од учење на одделни букви, туку од визуелно *препознавање* на цели зборови (глобално) со кои детето често се среќава.

Дека е тоа можно, потврдуваат и наједноставни примери. Ако во еден дом, на пример, се внесуваат разновидни весници и списанија, секојдневната средба со нив доведува до запомнување на целиот наслов и на барање од возрасните да донесе Нова Македонија детето точно ќе ја изврши поставената задача. Детето лесно може да препознае и наслов на телевизискиот екран: спортски преглед, цртан филм, или некој друг наслов, иако не ги знае буквите. Со други зборови, детето ја запознава својата околина и со сопствена активност, а не само под влијание на возрасните. Но, како што веќе споменавме, ја запознава и доживува во нејзината целина — глобално.

За олеснување на ваквото читање, односно препознавање на зборовите, во практиката обично се користи компарацијата: Во почетокот зборот се компарира со соодветна слика или цртеж, а потоа зборовите можат да се компарираат меѓусебно (истите зборови се пишуваат еден под друг). Ваквото „читање пред читањето" децата лесно го прифаќаат и брзо и неусилено ја сфаќаат функцијата на овој процес. Навидум ова читање изгледа механичко. Меѓутоа, не треба да се заборави актот препознавање на зборовите.

Воведувањето на учениците во процесот на читањето со претходно читање на цели зборови и реченици (глобално читање), ги подготвува учениците за брзо читање. Освен тоа читањето добива поприро-

---

[1] Casetti Mario, цитирано според Тоне Перушко: Матерњи језик у обавезној школи, Загреб, 1961, стр. 76.

ден тек, а што е особено важно при считувањето на буквите се надминува „пеењето“. Глобалното читање уште во самиот почеток инсистира и на сфаќање и разбирање на она што се чита, со што интелектуалниот развој на детето посилно се поттикнува. Преку читање на цели зборови и реченици се задоволуваат и детските интереси за читање. Ученикот знае дека со доаѓањето во училиште треба да научи да чита и тоа сака да чита веднаш од првиот училишен ден. Вакviot начин на читање еднакво ги задоволува и интересите на сите деца, без разлики дали некое претходно веќе научило да чита или не, итн.

Особено е важно да се знае, меѓутоа, при изведувањето на глобалното читање не треба да се инсистира буквите да се считуваат и учениците да научат да читаат. Впрочем, подготовката за читање и нема за цел учениците да ги научи да читаат во вистинската смисла на зборот, туку само да ги *подготви* за поуспешно совладување на оваа вештина. Затоа, доколку ученикот не може да препознае некој збор, подобро е да му се помогне да дојде до неговото препознавање, одошто да му се дозволи буквите да ги считува една по една.

Треба да се нагласи уште и тоа дека глобалното читање, односно, препознавањето на цели зборови, сè уште не е вистинско читање, како што не е вистинско читање ни развлеченото считување на буквите. Ако остане на визуелните претстави на зборовите, ученикот лесно ќе може да прочита текст што е составен од изучени зборови, но штом излезе надвор од рамките на тој фонд на зборови, не ќе знае да чита, односно своето знаење не ќе може да го примени и на други пишани текстови. При развлеченото считување на буквите, пак, вниманието на ученикот е насочено кон препознавањето на буквите, при што тешко може во тие букви да ја долови и да ја изрази запишаната мисла. Затоа е најдобро ако за надминување на овие две крајности се послужиме и со други наставни методи и постапки. Комбинацијата од глобалниот и аналитичко- синтетичко-гласовниот метод, на пример, како што покажа и практиката, дава мошне задоволувачки резултати.

Воведувањето на учениците во почетната писменост со претходно глобално читање на зборови и реченици овозможува и позабрзано узучување на печатните букви. На еден наставен час, без посебни тешкотии, можат да се обработат и повеќе (група) букви. Доколку, пак, се настојува да се одржи континуитетот на веќе стекнатите навики од глобалното читање во подготвителниот период, односно зборовите да се читаат со еден волев импулс, онака како што тие природно се изговараат, учениците многу брзо ќе напредуваат и во процесот на читањето. Се разбира, ако ваквото читање претставува потешкотија за некои ученици, ним може да им се дозволи да читаат успорено (да считуваат). Меѓутоа, зборот или реченицата која што учениците ја читаат успорено, односно ја считуваат, треба да ја прочитаат повеќе пати, сè додека не ја прочитаат на начин како што таа природно се изговара во говорниот јазик.

Какви резултати се постигнуваат со ваквиот начин на работа, најарно може да се види од резултатите на следново испитување на проблемот, односно споредување на техниката на читањето помеѓу

ученици што работеле по предложениот начин и оние што почетното читање го обработувале на класичен начин, со аналитичко-синтетичко-гласовниот метод:

*На крајот од првото полугодие*

| Експериментална група | | | | Контролна група | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| бр. на оддел. | бр. на учен. | прочит. зборови во 1 мин. | прочит. зборови по учен. | бр. на оддел. | бр. на ученици | прочит. зборови во 1 мин. | прочит. зборови по учен. |
| 5 | 154 | 5.950 | 38,64 | 5 | 154 | 4.952 | 32,16 |
| *На крајот од учебната година* | | | | | | | |
| 5 | 152 | 9.686 | 63,72 | 5 | 150 | 6.780 | 45,20 |

Како што може да се види од горниве показатели, учениците од експерименталната група прочитала 6,48 зборови повеќе на крајот од полугодието и 18,52 на крајот од учебната година. Прочитаните зборови по ученик, пак, (63,72) на крајот од учебната година во споредба со опис контролната група (45,20), недвосмислено го потврдува брзиот развој на техниката на читањето во второто полугодие од учебната година и ефикасноста на ваквиот начин на описменување.

Веќе споменавме дека воведувањето на учениците во почетната писменост со претходно глобално читање на зборови и реченици посебно кога тоа се компарира со слики или цртежи е лесно и за деца помали од седумгодишна возраст. Резултатите од следново испитување непосредно го потврдува тоа:[1]

*На крајот на првото полугодие*

| Експериментална група (6 години) | | | | Контролна група (7 години) | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| бр. на оддел. | бр. на учен. | прочит. зборови во 1 мин. | прочит. зборови по учен. | бр. на оддел. | бр. на ученици | прочит. зборови во 1 мин. | п1очит. зборови по учен. |
| 3 | 87 | 2.490 | 28,62 | 3 | 80 | 2.186 | 27,32 |
| *На крајот на учебната година* | | | | | | | |
| 3 | 84 | 3.313 | 39,44 | 3 | 83 | 3.282 | 39,54 |

---

[1] Испитувањето е вршено на нелогичен текст, според „Едноминутно испитување на гласното читање" (прилагодено на македонски јазик) од д-р Иван Фурлан, Загреб 1970 год.

Споредувајќи ги овие резултати, лесно може да се согледа дека не постои статистички значајна разлика во брзината на читањето помеѓу децата кои помлади се запишале во прво одделение (експер. група — 7 год.). Минималната предност на учениците од експерименталната група, од 1,30 прочитани зборови по ученик, на полугодието или предноста на учениците од контролната група, од 0,10 прочитани зборови по ученик на крајот од учебната година, речиси е безначајна. Разлика, меѓутоа, сепак постои, и тоа во прилог на помладите, ако се има предвид дека учениците од контролната група се повозрасни за цела една година.

Треба да се одбележи уште и тоа дека во оваа испитување не беа поставени некои однапред определени норми, односно колку зборови би требало да прочита ученикот на полугодието или на крајот на учебната година. Впрочем, би било и погрешно ако вакви норми се постават однапред, затоа што развивањето на техниката на читањето е процес кој постојано се усовршува. Ориентационо поставените нормативи, пак, 30 до 40 прочитани зборови во една минута за учениците од прво одделение, наполно ги задоволија и учениците од шестгодишна возраст опфатени со овој експеримент. Тоа наведува на заклучок дека и овие деца еднакво можат да се понесат со тежината на проблемите што произлегуваат од изучувањето на буквите и читањето, како и нивните за една година постари другарчиња.

На крајот да констатираме уште дека овие испитувања се вршени од релативно мала популација ученици и затоа немаат претензии да предложат воопштени заклучоци. Натамошните истражувања во оваа насока секако ќе дадат и поцелосен одговор на поставените проблеми.

*DJORDJI DELČEV*

## UNE POSSIBILITÉ CONCERNANT UNE INNOVATION DANS L'ENSEIGNEMENT DE LA LECTURE À SÉS DEBUTS


*RÉSUMÉ*

Le problème de l'intiation des élèves au début de l'enseignement de la lecture est aussi ancien que la lecture elle même. Au cours de l'histoire celui-ci s'est sans cesse perfectionné dans le but de se simplifier et de s'accélérer le plus possible.

Dans cet article il est question d'un nouveau procédé concernant ce problème. Ayant expérimenté avec une certaine population d'élèves, l'auteur démontre qu'avec cette manière d'enseigner la lecture les élèves maîtrisent la technique de la lecture plus rapidement que lorsqu'elle s'effectue par les procédés classiques.

L'auteur a renouvelé l'expérience avec des élèves agés de six ans et a pu constater á cette occasion que ces enfants pouvaient affronter de la même manière la difficulté des problèmes qui découlent de l'apprentissage de la lecture.